МАКЕДОНСКА ПРВА ЛИГА МАКЕДОНСКА ЖЕНСКА ЛИГА МАКЕДОНСКА ВТОРА ЛИГА МАКЕДОНСКА ТРЕТА ЛИГА

Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

# КОМЕСАР ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

Согласно актите на КФСМ, односно согласно членот 50 и 61.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, комесарот за натпреварување на ден 13.12.2022 година ги донесе следните:

КОШАРКАРСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 13 - 897/1
13.12.2022 год.

## ОДЛУКИ

Постапувајќи согласно членот 50.1, 50.2 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, како и согласно точка 5, Организатор на натпревар, односно членот 36 од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги, натпреварот помеѓу екипите на КК „Чаир 2030 АД“ од Скопје и КК „Работнички АД“ од Скопје се регистрира со резултатот 20:0 во корист на екипата на КК „Работнички АД“ од Скопје. Освен тоа, а согласно истиот член од Правилникот за натпреварување во сениорските лиги, екипата на КК „Чаир 2030“ од Скопје добива нула (0) бодови во пласманот.

Согласно членот 15.2 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, иницијаторите на инцидентот, играчите, Нотаге Ерик, лиценца бр. 030689 од КК „Работнички АД“и Рушити Арбин, лиценца бр. 030553 од КК „Чаир 2030“ се казнуваат со парична казна од по 10.000 денари.

Согласно членот 55.16 од Пропозициите за натпреварување во Сениорските лиги, екипата на КК „Чаир 2030“ поради остварен физички напад над противнички играч за време на натпреварот, при што истиот е прекинат пред истекот на времето, се казнува со парична казна од 48.000 денари.

Согласно членот 15.2 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, екипата на КК „Чаир 2030 АД“ од Скопје се казнува дополнително, со парична казна во износ од 132.000 денари.

Согласно членот 55.16 од Пропозициите за натпреварување во Сениорските лиги, екипата на КК „Чаир 2030“ поради остварен физички напад над противнички играч за време на натпреварот, при што истиот е прекинат пред истекот на времето за игра, се казнува со настап на домашен терен без публика на три (3) натпревари.

Согласно членот 15.3 од Дисциплинскиот правилник на КФСМ, екипата на КК „Чаир 2030 АД“ од Скопје се казнува со настап на домашен терен без публика на седум (7) натпревари.

Согласно членот 55.11 од Пропозициите за натпреварување во Сениорските лиги, поради фрлање петарди на трибина (4 петарди) се казнува со парична казна во износ од 10.000 денари.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Натпреварот кој се играл на 11.12.2022 година со почеток од 19:30 часот во спортската сала „Шабан Трстена“ Општина Чаир, Скопје помеѓу екипите на КК „Чаир 2030 АД“ од Скопје и КК „Работнички АД“ од Скопје, во втората четвртина и во 6:01 минута и при постигнати поени од страна на играч на екипата на КК „Работнички АД“, настанал прекин, при кој меѓусебно се кошкале играчите Рушити Арбин и Нотаге Ерик.

Веднаш потоа, во теренот за игра влегол официјалниот фотограф од страната на домашната екипа. Истиот кој во моментот бил во близина на клупата на КК „Чаир 2030 АД“, го претрчал целиот терен дошол до гостинскиот играч Нотаге Ерик и му удрил прво една, а потоа уште една тупаница во пределот на главата. Веднаш потоа натпреварот бил и официјално прекинат.

**Поука:** Против оваа одлука, а согласно членот 49.1 од Пропозициите за натпреварување во сениорските лиги, дозволена е жалба до Арбитражната комисија на КФСМ, која се поднесува најдоцна 24 часа по приемот на Одлуката.

Комесар за натпреварување,

Александар Милојевиќ